ЈАВНО ОБРАЌАЊЕ ПО ПОВОД ИЗДАВАЊЕТО НА ИЗВЕШТАЈОТ НА ЕУ И САД ЗА ПРОЦЕНКА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА КРЕДИБИЛНИ ИЗБОРИ НА 24 АПРИЛ 2016 година.

ДО:

Амбасадор на ЕУ, Н.Е. Аиво Орав
Амбасадор на САД, Н.Е. Џес Бејли

Почитувани,

Како дел од граѓанското општество во Македонија, би сакале да Ви се заблагодариме за сиот труд и посветено време во насока на постигнување успех за потпишување на Договорот од Пржино, како и реализација на договореното преку посредникот Питер Ванхојт.

**Досегашното спроведување на Договорот од Пржино беше бавно и селективно** со значително задоцнување во клучните реформски процеси, како што беше нотирано и од мониторингот на граѓанските организации.[1] **Принципите и целите на Договорот се занемарени** и фокусот е на избрзани подготовки за предвремените парламентарни избори на фиксниот датум од Договорот.

Воедно, **Итните реформски приоритети не се спроведуваат**.[2] **Имајќи предвид дека предвидените реформи се во доменот на владеење на правото, нивното остварување е директно поврзано со овозможување на кредибилни избори.**

Клучното прашање со кое се соочува општеството е тоа дали изборите на 24 април можат да бидат кредибилни, фер и слободни. На 29 јануари 2016 година, амбасадорите на САД и ЕУ, Бејли и Орав, упатија писмо до техничкиот премиер Емил Димитриев во кои утврдија индикатори за тоа дали се исполнети условите за кредибилни избори.

Во врска со статусот на исполнување на условите за одржување на избори на 24 април, ние како граѓански организации, ги искажуваме следните напомени.

**Изборната реформа, согласно Договорот од Пржино, се спроведе со најмногу доцнење** и тоа 135 дена за компонирањето на новиот состав на ДИК и 40 дена за усвојување на методологиите за прочистување на избирачкиот список. Оттука произлегуваат следните два заклучока:

---

[1] Следење на Итните реформрски приоритети и Политичкиот договор јуни/јули, достапно на: http://epi.org.mk/newsDetail_mk.php?nwsid=89.

[2] Институт за европска политика. *Разводнување на фокусот – "прогледување низ прсти" или демократизација преку Политичкиот договор од јуни/јули?*, достапно на: http://epi.org.mk/docs/Policy%20brief_Defocusing%20the%20focus.pdf, 17.02.2016. Статус од 18.02.2016 достапен на: http://www.merc.org.mk/status-na-realizacija-na-itni-reformski-prioriteti.

1. **Проверката и прочистувањето на Избирачкиот список не може да се заврши во преостанатото време и според тоа, невозможно е да се подготви Избирачки список кој ќе гарантира кредибилни избори.**
2. **Доекипирањето на ДИК во правниот и ИКТ одделот се уште не е завршено, иако е клучно за успешно остварување на нејзината зголемена надлежност.**

**Воопшто не е постигнат напредок во реформите на медиумскиот сектор**: регулаторното тело е целосно партизирано; Јавниот радиодифузен сервис е под силен политички притисок; сопствениците на највлијателните медиуми се во клиентелистички врски со власта; информативните редакции на овие медиуми во континуитет известуваат пропагандистички и фаворизирачки за власта и ВМРО-ДПМНЕ.

Во Македонија не постои слободна јавна сфера, а тоа е посебно воочливо при известувањето на електронските медиуми. Гласачите не можат слободно да го формираат своето мислење бидејќи во континуитет се изложени на антагонизирачко и тенденциозно известување кое на кумулативен начин култивира јавно мислење во полза на ВМРО-ДПМНЕ. **За да можат гласачите да донесат слободна и информирана одлука потребно е (1) да се направат итни медиумски реформи и (2) да се обезбеди нивна имплементација. После имплементацијата мора да се овозможи време (3) да се оцени дали е обезбедена слобода на јавното мислење и дали има услови за фер и демократски избори.**[3]

**Раздвојувањето на државата и партијата се уште не е ефективно адресирано од одговорните чинители,** а ова е еден од главните предуслови за кредибилни избори. Неодамнешен извештај од набљудувањето во предизборниот период бележи примери на партиско влијание врз администрацијата. Забележани се притисоци во форма на подготвување списоци на гласачи и партиско користење на податоци обезбедени преку државните институции, како и државни ресурси.[4]

Клучни реформи за овој дел се предвидени во Итните реформски приоритети за кои претходно утврдивме дека не се остваруваат. Корупцијата и злоупотребата на службената положба се главните проблеми кои ја загрозуваат демократијата во Македонија.

Земајќи го сето ова предвид, ние како граѓански организации, **сметаме дека се уште не се создадени услови за фер и кредибилни избори**, како што и се предвидени од Договорот од Пржино и Итните реформски приоритети и со цел задржување на препораката на Европската комисија за започнување на преговори за членство во ЕУ.

---

[3] Assessment of the state of the media sector in Macedonia in relation to the Recommendations of the Senior Experts' Group on systemic Rule of Law issues relating to the communication interception revealed in spring 2015 (policy brief), Institute of Communication Studies, 16.02.2016. Достапно на: http://respublica.edu.mk/attach/Policy-Brief-ASSESSMENT-of-the-state-of-the-media-sector-in-Macedonia.pdf

[4] Соопштение за медиуми, 17.02.2016, подготвено во рамки на проектот „Патоказ кон слободни и фер избори", Граѓанска асоцијација „МОСТ" и други граѓански организации. Достапно на: http://most.org.mk/images/MOST/soopstenie%20press_17.02.2016_MKD.pdf

Апелираме до Вас, како засегнати страни, исто како и нас, да препорачате одложување на изборите се до создавање на услови за кредибилен изборен процес според точките од Договорот од Пржино и Итните реформски приоритети.

Со почит,

Институт за демократија „Социетас цивилис“ Скопје (ИДСЦС)
Институт за европска политика (ЕПИ)
Институт за комуникациски студии (ИКС)
Коалиција Сите за правично судење

Копии до:
Комесар за добрососедска политика и проширување на ЕУ, Јоханес Хан
Амбасадор на Обединето Кралство, Н.Е. Чарлс Герет
Амбасадор на Сојузна Република Германија, Н.Е. Кристине Д. Алтхаузер
Амбасада на Република Франција, Н.Е. Лоренс Оер
Амбасадор на Кралство Холандија, Н.Е. Вилем Ваутер Пломп
Амбасадор на Република Италија, Н.Е. Ернесто Белели
Амбасадор на Република Австрија, Н.Е. Ренате Коблер
Амбасадор на мисијата на ОБСЕ, Н.Е. Нина Соумалаинен
Медијатор на Договорот од Пржино, Питер Ванхојт
Пратеник во Европскиот Парламент, Иво Валгј
Пратеник во Европскиот Парламент, Ричард Ховит
Пратеник во Европскиот Парламент, Едуард Кукан